# Известување

Почитувани,

Во врска со написите објавени во електронските медиуми (facebook) во однос на спроведени набаваки во ЈКП Брегалница Делчево со милионски суми, ја информираме јавноста дека при првичното објавување на кварталната евиденција под вредносни прагови, за периодот 01.01.2022-31.03.2022 година настана техничка грешка при импортирање на Excel докуметот, на платформата на Бирото за јавни набавки.

Во нашиот Excel документ децималите се после интерпукцискиот знак точка(.), додека кога беше импортиран документот на платформата, нивниот систем точката (.) не ја препознаваше поради што објавените суми кои беа доставени изгледаа како да се поголеми за 4(четири) 0 нули или за десет илјади пати поголеми.

За оваа од наша страна беше веднаш реагирано во БЈН и во петокот на 15.04.2022 година грешката беше отстранета и сега на платформата на БЈН се точните суми, но како што гледате оваа погрешна информација веќе е проширена во јавноста со што се нанесува штета на угледот на ЈКП Брегалница Делчев и одговорните лица во ЈП.

Со почит
ЈКП Брегалница Делчево